**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7379/**

# З А П И С Н И К

**Од 204.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.11.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси МРТ. |

**204.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 14.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 203.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по приговор по Јавен оглас со бр.18/2022.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 203.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 203.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 203.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 203.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и одлучување по приговор по Јавен оглас со бр.18/2022.**
На почетокот Ристе Панов ги посочи и ги образложи законските и другите правни основи која ја покрива оваа област, кои ќе послужат како основа во одлучувањето на Програмскиот совет по жалбите и приговорите, а тоа се однесува на:
- Законот за вработените во јавниот сектор особено за член 20-г став 5, став 6 и став 7; член 20-д став 1 и 6;член 6 став 1и други членови од овој закон.
- Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-техничките лица во ЈРП МРТ со бр. 01-4981/2 од 13.11.2020 година особено член 4 и други членови од правилникот.
- Според Законот за Јавни претпријатија особено членовите 37-љ и 37-м и други членови од овој закон.
- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во член 132 став 1 алинеја 9 и други членови од овој закон.А беа посочени и други закони.
Во продолжение Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи,а од членовите на советот беше прифатено, да се започне со разгледување и одлучување по приговорот кој беше пристигнат:

## ЈАВЕН ОГЛАС БР.18/2022:
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по еден приговор од овој јавен оглас, и отвори расправа по истиот.
■По расправата **Приговорот со бр.04-7261/1 на кандидатот Зоран Тевдовски** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**10** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го одби** Приговорот со бр.04-7261/1 на кандидатот Зоран Тевдовски како неоснован.

**ТОЧКА3:Разно.**
На ова точка беше разгледана пристигната пошта односно програмски интерес со бр.14-6944/2 за бесплатно емитување на документарниот филм „Незо“ на програмите на МТВ2.

Седницата заврши во 15.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател